август - декември
2016

# МЕД македонско еколошко друштво

# ИНФОРМАТОР #32



# Ден на Европскиот зелен појас - 24 септември!

По должината на „железната завеса“ која до пред скоро 40 години, ги делеше Европа на Источна и Западна, се развила неверојатна еколошка мрежа и жив споменик на природата – кој опфаќа некои од најзначајните живеалишта за развој на биолошката разновидност и скоро сите биогеографски региони во Европа. Денес оваа област е наречена Европски зелен појас, симболизирајќи го глобалниот напор за заеднички, прекугранични активности за заштита на биолошката разновидност и одржливиот развој.

Во рамките на Европскиот зелен појас се спроведуваат бројни активности кои ја бележат важноста за неговото постоење. ПреспаНет оваа година за прв пат се приклучи кон заедничките активности и го прославуваше Денот на зелениот појас. Настанот се одржа на брегот на Преспанското Езеро, во Отешево.




Преспа, како еден од најважните региони долж Зелениот појас, претставува симбол на прекугранична соработка. И токму затоа, на 24 септември Преспа беше домаќин на повеќе од стотина гости од трите страни на регионот кои имаа можност да слушнат интересни факти за Европскиот зелен појас и да ја доживеат неговата убавина преку изложбата на фотографии од првиот фото конкурс за Балканскиот зелен појас, во кој беа вклучени сите балкански земји.

Настанот дополнително го збогати и велосипедска тура низ падините на Галичица со учесници од трите земји, додека исклучителната биолошка разновидност на Преспанското Езеро учениците од основните училишта ја изразија преку цртежи на ендемични растенија.

Тројцата градоначалници од општините кои го делат Преспанскиот регион, градоначалникот на општина Ресен, градоначалникот на општина Пустец и градоначалникот на општина Преспа како и претставници од Националниот парк Галичица и Националниот парк Преспа од Грција и Албанија, им се придружија на гостите од трите страни на басенот и уживаа во традиционалната храна и музика.

**Овој настан беше организиран од ПреспаНет – мрежа на невладини организации од областа на животната средина, која ја сочинуваат МЕД, Друштвото за зачувување на Преспа, Грција и Друштвото за зачувување на животната средина во Албанија, заедно со Еуронатур, Германија и во соработка со општините Ресен, Пустец и Преспа.**

PRESPANET
a network of environmental NGOs for Prespa

Контакт: Даниела Заец
***zaec@mes.org.mk***



# Промовирана е Патеката на клукајдрвчето!

На 24 септември оваа година, на локалитетот Поникве беше промовирана новопоставената едукативна „Патека на клукајдрвчето“. Патеката е дел од истоимениот проект кој МЕД го спроведе изминатата година. Проектот беше дел од Програмата за зачувување на природата во Македонија, чиј национален координатор е ФАРМАХЕМ, а финансиската поддршка ја обезбеди Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC). Проектните активности МЕД ги спроведе во соработка со општината Кочани и ЈП Македонски шуми, ШСЕ Кочани.



На настанот учествуваа повеќе од 200 ученици од петто одделение од основните училишта од Кочани - ОУ „Кирил и Методиј“, ОУ „Крсте Петков-Мисирков“, ОУ „Никола Карев“, ОУ „Малина Поп-Иванова“ и ОУ „Раде Кратовче“, како и претставници на стручниот и раководен тим на секое од училиштата, потоа претставници на општината, претставници од донаторските институции и Центарот за Источно-планскиот регион, Извидничкиот клуб „Ластовичка“ од Кочани и други заинтересирани лица и вљубеници во природата.

Официјално настанот беше поздравен од координаторот на проектот, од градоначалникот на општината Кочани и националниот координатор на Програмата за зачувување на природата во Македонија. Учесниците во неофицијалниот дел од настанот имаа можност да прошетаат низ буковата шума и детално да се запознаат со 13те едукативни точки дефинирани долж Патеката на клукајдрвчето. Освен прошетката, децата заедно со членовите на Извидничкиот клуб „Ластовичка“ реализираа неколку игри поврзани со буковите шуми и значењето на шумите.

После сѐ, останува оваа патека да биде и во иднина одржувана од страна на ШСЕ Кочани, понатаму промовирана од страна на општината Кочани, што пак ќе придонесе кон постојана посета на патеката и промоција на буковите шуми во регионот.

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА

Контакт: Светлана Пејовиќ
*arsovska@mes.org.mk*

# 5 Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, октомври 2016 година






МЕД го одржа 5 Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, во периодот 19-22 октомври во Охрид. На овој собир присуствуваа повеќе од 300 учесници и гости од 13 држави од Европа. Околу 250 учесници од регионот ги презентираа резултатите од своите научни истражувања кои ја тангираат еколошката наука и достигнувања во рамките на предвидените девет работни секции.

Во рамките на Конгресот, беа одржани и округла маса за диверзитетот на домашни животни на Балканскиот Полуостров и Симпозиум на Истражувачкото друштво на студентите биолози. Програмата на Конгресот беше збогатена и со изложба на детски фотографии во контекст на Еко-конкурсот, каде од пристигнатите 545 фотографии изработени од повеќе од 220 ученици на возраст од второ до деветто одделение од 70 основни училишта од Македонија, беа изгласани три најдобри фотографии. Истовремено течеше и проекција на неколку документарни филмови изработени во Македонија во рамките на неколку национални проекти и програми.







Презентираните трудови, по рецензијата од членовите на Научниот одбор на Конгресот, ќе бидат публикувани во Зборник на трудови од 5 Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество кој се очекува да биде објавен во јануари 2017 година.

Контакт: Светлана Пејовиќ
***arsovska@mes.org.mk***

# ИНФОРМАТОР #32

## 9 Пан европска конференција за зелениот појас




Од 31 октомври до 3 ноември 2016 година во Националниот парк Коли во Финска се одржа 9та Пан европска конференција за зелениот појас на која присуствуваа повеќе од 125 учесници, претставници од сите 24 земји долж Европскиот зелен појас.

Конференцијата послужи како важно место за предлози, идеи и размена на мислења за подобрување, зачувување и реставрација на Европскиот зелен појас. Беа презентирани главните достигнувања на мрежата преку имплементацијата на различни проекти и активности и беше истакнато позитивно влијание на Европскиот зелен појас за природата и бидиверзитетот. Првите анализи во регионот на зелениот појас покажуваат дека колку поблиску си до зелениот појас толку е поголем и процентот на заштитени подрачја и нивната поврзаност.

Учесниците ги дискутираа следните чекори и планот за работа на мрежата.

9та Пан-европска конференција испраќа силна порака за подобрување на прекуграничната соработка во Европа и подобрување на врската на природата и луѓето.

european
greenbelt

Контакт: Даниела Заец
***zaec@mes.org.mk***

# Птиците во светот кој се менува – ЕВСС Конференција 2016



20тата конференција на Европскиот совет за цензус на птици се одржа во првата недела во септември во Хале, Германија. Беше главниот европски настан за орнитолози, каде стотина претставници од Европа земаа учество, но исто така имаше учесници и од Азија Африка и Северна и Јужна Америка.

Конференцијата понуди многу дискусии и презентираше многу истражувања – од птиците како индикатори, популациони и социјални истражувања за птици, до моделирање на видови, развој на Атласи за птици и влијание на климатските промени и промените во употребата на земјиштето врз птиците.

Најпрактичните настани на конференцијата за Македонија беа состанокот за вториот Европски атлас за птици гнездилки и состанокот на националните координатори на Меѓународниот цензус на водни птици.

На првиот состанок беа разгледани најновите алатки за собирање податоци преку користење на онлајл алатки и можност за меѓународна соработка.



На вториот состанок координаторите се дискутираше за најновите приоди за собирање и управување со податоците. Исто така, на овој состанок – Данка Узунова – член на семејството МЕД беше избрана за Претставник на националните координатори на ниво на Западен Палеарктик, функција која е дел од Стратешката работна група на Партнерството за мониторинг на водните птици.

Контакт: Данка Узунова
***uzunova@mes.org.mk***

## Работилница за интернационален цензус на водни птици

Во периодот од 16-18 ноември 2016 во Меткович, Хрватска се одржа работилница за интернационален цензус на водни птици во рамките на проектот Adriatic Flyways, во организација на фондацијата Euronatur и Асоцијација БИОМ. На работилницата учествуваа 27 учесници од 10 различни земји од регионот и 13 различни организации.

На работилницата беа претставени начините на организирање на теренските истражувања како и методологијата која се користи за зимското броење на птици. Исто така беа разгледани и повеќе начини на кој националните координатори можат да ги достават податоците од терен. Во рамките на работилницата беше одржано и едно теренска посета на делтата на реката Неретва.





Контакт: Данка Узунова
***uzunova@mes.org.mk***

## Што е AEWA? Регионална работилница за соработки и спроведување на договорот



Земјите од Западен Балкан се собраа во Самобор, 13-15 септември со цел да се обучат и да развијат способности за спроведување на одредбите од Договорот за зачувување на птиците од Афричко-Евроазискиот Прелетен пат (најдобро познат како AEWA).

Претставниците од владините и невладините организации и институции се запознаа подетално со содржината на Договорот и како се носат одлуки по суштината на Договорот и како истиот се финансира, одлуки кои се носат на Средбата на партнери (MOP). Тест преглед на системот за онлајн известување и потребните подготовки пред негово доставување ги потсети учесниците дека подготовката на националните AEWA извештаи потребна е соработка и споделување на информации.

Македонија е земја потписничка на овој Договор од 2000 година, но сеуште нема воспоставен систематски мониторинг на целните AEWA видови на национално ниво.

Работилницата беше организирана во рамки на проектот Јадрански прелетни патишта за птици 2 од страна на фондацијата Еуронатур и Асоцијацијата БИОМ, и подржана од Министерството за заштита на животната средина и природата на Хрватска.

# Степските ветрушки полека ги снемува на Балканот – порака од Меѓународниот експертски состанок за степски ветрушки во Пловдив

Преку 50 учесници од 11 земји присуствуваа на Меѓународниот експертски состанок за степски ветрушки кој се одржи во октомври, во Пловдив, организиран од Зелени Балкани, фондацијата Еуронатур и ДЕМА Шпанија.

Извештаите за статусот на националните популации на степската ветрушка од земјите учеснички јасно покажува дека Балканската популација на видот бележи голем пад, иако видот е со поволен IUCN статус. И покрај тоа што во некои земји се користат приоди за зачувување како програма за реинтродукција во Бугарија и други приоди во Италија и Шпанија (поставување куќарки), уште многу треба да се направи со цел да се обезбеди стабилност на европската популација на степската ветрушка.

Учесниците имаа можност да го посетат центарот за размножување на степските ветрушки во Стара Загора и од прва рака да се уверат во потребните средства и труд за да се поправи националната популација на овој вид.









Контакт: Данка Узунова
***uzunova@mes.org.mk***

# Поддржување на одржлива иднина за луѓето и природата на Осоговските Планини




МЕД, во соработка со ЈП Македонски шуми, подружница Голак-Делчево, како и со ловечките друштва Македонска Каменица-Саса од Македонска Каменица, Осогово од Крива Паланка и Буковац од Кратово, започнаа мониторинг активности за крупните месојади (мечка, волк и рис) преку методата на фото-замки. Целта е да се добијат повеќе податоци за присуството и распространувањето на крупните месојади на Осоговските Планини. Поставени се вкупно 13 фото-замки на 13 различни локации.

Дополнително, одржана е средба на тимот за крупни месојади за изготовка на Стратегија за мониторинг мрежа на Осоговските Планини. Од крајот на ноември е објавена фејсбук страната „Диво Осогово“ на која членовите на мониторинг мрежата ги споделуваат фотографиите и кратките видеозаписи евидентирани на терен.

Контакт: Александар Стојанов
***stojanov@mes.org.mk***

# Програма за закрепнување на балканскиот рис IV



Во рамки на Програмата за закрепнување на Балканскиот рис, во периодот 14-16 Декември 2016, беше спроведен интензивен тренинг курс за проектните партнери, за основи на Географските Информациони Системи и картографијата. Тренингот беше одржан во канцеларијата на организацијата "PPNEA", во Тирана, беше спроведен од Македонско еколошко друштво, а присуствуваа три учесници од ППНЕА и два учесника од организацијата "ERA" од Пеќ, Косово.

На почетокот на тренингот беа презентирани четири презентации, а поголемиот дел се состоеше со практични демонстрации и практична работа на учесниците на повеќе селектирани аспекти од ГИС кои беа идентификувани како потребни за Програмата (геореференцирање, трансформација на географски проекции, дигитализација, приказ и именување податоци, правење карти итн.). Дополнително, учесниците беа запознаени со користењето на неколку апликации наменети за мобилни уреди и нивно користење при собирањето податоци од терен. Во таа насока, учесниците беа обучени за напредно користење на ГПС, нагодување на бази на податоци за мобилни уреди во зависност од индивидуалните потреби при теренските истражувања, адаптација на "надворешни" податоци во ГИС формат и сл.

Во текот на тренингот беа користени ArcGIS, QGIS, Microsoft Excel, Google Earth и други софтверски пакети за Windows оперативниот систем, како и мобилните апликации Oruxmaps, MEMENTO Database, ES File Explorer, Mapfactor Navigator за Андроид.

Контакт: Васко Авукатов
***avukatov@mes.org.mk***

# Обука за OPEN STANDARDS - Медведница, Хрватска




**OPEN STANDARDS методологијата е изработена од страна на членовите на Conservation Measures Partnership (Партнерството за мерки за заштита) со цел да им обезбеди на експертите кои работат на полето на заштитата на природата, олеснето дефинирање конзервациски проекти и програми, планирање на чекорите, општите насоки потребни за успешна реализација на проектите и секако мониторинг на нивните конзервациски иницијативи.**

Членови на МЕД во ноември 2016 година учествуваа на петдневна обука за креирање стратегии користејќи ја методологијата на OPEN STANDARDS.

Организатор на обуката беше здружението БИОМ од Хрватска, а финансиската поддршка ја обезбеди фондацијата МАВА.

На обуката учествуваа 64 учесници од 15 земји. Учесниците беа поделени во 6 работни тимови, каде водени од два назначени тренери работеа на дефинирање на однапред дефинирани целни проекти/стратегии/проблеми преку користењето на оваа методологија.

Работниот ден за време обуката се состоеше од едно или повеќе воведни предавања во текот на кои беа разработени одделните чекори на методологијата. Потоа, во рамките на работните групи, беше применето наученото преку дефинирање на различните ставки користејќи ги насоките на петте чекори на Open standards. Поточно учесниците беа воведени во основите на оваа методологија, за секој проблем/стратегија беа дефинирани граници на делување, визија и цели, спроведена оценка на целите, идентификација на заканите, дефинирање на идните стратегии и цели, како и предвидување на можните резултати, со поставување подцели и активности за нивно остварување.

Достигнувањата од секојдневната работа на групите беше евидентирана во MIRADI програмот, за кој секако дека имаше дополнително воведување за учесниците.

Учесниците имаа можност и да го посетат блискиот рудник за сребро кој одамна е неактивен, но претставува едно од атрактивните места кои ги нуди паркот на природата Медведница.

Се надеваме дека наученото на обуката ќе се покаже како корисна алатка и ќе биде идна практика која ќе се користи понатаму во МЕД за креирање на идни проектни концепти и стратегии.



Контакт: Светлана Пејовиќ
***arsovska@mes.org.mk***